ADING

# ХИДРОГЛЕТ-В

*Смеса за израмнување на внатрешни малтерисани, бетонирани површини или изработени од гипс-картон плочи*

## Област на примена:

За фино израмнување (глетување) на внатрешни малтерисани ѕидни и плафонски површини или површини од "натур бетон".

## Својства:

- бела прашкаста смеса;
- добра адхезија и цврстина;
- економичен;
- едноставен за приготвување и изведба;
- еколошки;

## Подготовка на подлогата:

Подлогата треба да биде здрава, обезмастена, обеспрашена и чиста.

## Вградување:

На 1 кг Хидроглет-В со постојано мешање се додава 500 милилитри вода. Се меша до потполна хомогенизација. Потоа мешавината се остава да мирува 20-30 мин. Повторно се замешува и се вградува со глетарка или шпахтла во повеќе слоеви, во зависност од видот на завршната обработка. По целосно врзување на материјалот, површините дополнително се порамнуваат со фина шмиргла. Оптималната температура при вградување е 10°C до 35°C.

## Потрошувачка:

1,5 кг/м$^2$

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по неговата употреба.

## Пакување:

Во натрон вреќи од 5 и 25 кг.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории на температура од +5°C до +35°C. Рок на употреба: 12 месеци.

СМЕСИ ЗА ИЗРАМНУВАЊЕ

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата и вдишување на прашкастиот материјал. Материјалот не е токсичен, но при инцидентен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Пожар: Хидроглет-В е незапалив.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Хидроглет-В се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се4 приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат бб, 1000 Скопје, Р.Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840, 2034 822, Факс: ++ 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk